МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Уредник, академик
*Таки Фити*

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“, УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

Уредник, проф. д-р
*Горан Коевски*

# КАМБОВСКИ
## LIBER AMICORUM

Главен уредник, академик
*Георги Старделов*

СКОПЈЕ, 2019

Издавачи:
Македонска академија на науките и уметностите

Правен факултет „Јустинијан Први“
при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

Стручни соработници:
д-р ***Елена Мујоска Трпевска,***
м-р ***Константин Битраков***

Ликовен уредник:
м-р ***Кочо Фидановски***

Компјутерска реализација:
***Бане Галиќ***

Јазична редакција:
***„Момент мал“, Скопје***

Фотографии:
***Иван Блажев***

Печат:
***МАРСАЖ, Скопје***

Тираж:
***215***

## СОДРЖИНА / CONTENTS

**ПОГЛАВЈЕ / CHAPTER 1**
Академик Владо Камбовски ЖИВОТ И ДЕЛО
Academicus Vlado Kambovski VITA ET OPUS ........ 1
БИОГРАФИЈА ........ 3
БИБЛИОГРАФИЈА ........ 7

**ПОГЛАВЈЕ / CHAPTER 2**
Академик Владо Камбовски КОЛЕГА И ПРИЈАТЕЛ
Academicus Vlado Kambovski Collega et amicus ........ 45
Акад. Георги Старделов
АКАД. ВЛАДО КАМБОВСКИ, ОДБЛИЗУ
(ACAD. VLADO KAMBOVSKI BEHIND THE CURTAINS) ........ 47
Д-р Љупчо Арнаудовски
МАКЕДОНСКО КРИВИЧНО (КАЗНЕНО) ЗАКОНОДАВСТВО
(THE MACEDONIAN CRIMINAL (PENAL) LAW) ........ 57
Акад. Стефан Воденичаров
СЪВМЕСТНО ЧЕСТВАНЕ НА ПРАЗНИКА НА
СВЕТИТЕ БРАТЯ КИРИЛ И МЕТОДИЙ ОТ БАН И МАНУ
(JOINT CELEBRATION OF THE
SS. CYRIL AND METHODIUS DAY BETWEEN BAN AND MANU) ........ 71

**ПОГЛАВЈЕ / CHAPTER 3**
ФИЛОЗОФСКИ, ОПШТЕСТВЕНИ, ЕКОНОМСКИ
И ДРЖАВНО - ПРАВНИ ХОРИЗОНТИ
PHILOSOPHICAL, SOCIAL, ECONOMIC,
STATE AND LEGAL HORIZONS ........ 77
Акад. Таки Фити
ИНСТИТУЦИИТЕ, ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО И ЕКОНОМСКИОТ РАСТ
(INSTITUTIONS, RULE OF LAW, AND ECONOMIC GROWTH) ........ 79
Акад. Стефан Воденичаров
ПРОБЛЕМИ В ОБРАЗОВАТЕЛНАТА СИСТЕМА
(PROBLEMS IN THE EDUCATIONAL SYSTEM) ........ 99

* Секој текст е објавен на јазикот на кој е доставен. Редакцијата подготви резиме на македонски јазик за секој труд кој беше доставен на друг јазик. Текстовите, објавени на јазик различен од македонскиот не се лекторирани. Систематизацијата на текстовите по правни области е извршена по слободен избор на Редакцијата, што се пресликува и во редоследот на трудовите.

Акад. Вера Битракова-Грозданова
ΔΙΚΑΙΟΣΥΝΗ и античките божества
(ΔΙΚΑΙΟΣΥΝΗ and the ancient divines)........107

Dr. Reinhard Priebe
STATE CAPTURE
A USEFUL CONCEPT FOR ASSESSING THE WESTERN BALKANS COUNTRIES' PROGRESS TOWARDS EUROPEAN INTEGRATION?
(ЗАРОБЕНА ДРЖАВА
КОРИСЕН КОНЦЕПТ ЗА ПРОЦЕНКА НА НАПРЕДОКОТ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН КОН ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА?)........115

Don Wallace, Jr
SOME SUGGESTIONS FOR THE REFORM OF THE INTERNATIONAL LEGAL FRAMEWORK FOR THE RESOLUTION OF DISPUTES CONCERNING FOREIGN INVESTMENT IN DEVELOPING AND OTHER CAPITAL IMPORTING COUNTRIES
(НЕКОЛКУ ПРЕПОРАКИ ЗА РЕФОРМАТА НА МЕЃУНАРОДНАТА ПРАВНА РАМКА ЗА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ ПОВРЗАНИ СО СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ И ОСТАНАТИТЕ ЗЕМЈИ КОИ ПРИВЛЕКУВААТ СТРАНСКИ КАПИТАЛ)........131

Jonathan Bradley
POLITICIANS AND FINANCIAL MARKETS AT TIMES OF CRISIS
(ПОЛИТИЧАРИТЕ И ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ ЗА ВРЕМЕ НА КРИЗА)........143

акад. Рајко Кузмановић
САВРЕМЕНО ПРАВО У ВРТЛОГУ ВЕЛИКИХ ДРУШТВЕНИХ ПРОМЈЕНА
(СОВРЕМЕНОТО ПРАВО ВО ВРТЛОГОТ НА ГОЛЕМИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ)........151

Dr. Negoslav P. Ostojić
MARTIN LUTHER KING - 1968 SFR YUGOSLAVIA AND TODAY'S BALKANS
(МАРТИН ЛУТЕР КИНГ – 1968 СФР ЈУГОСЛАВИЈА И ДЕНЕШЕН БАЛКАН)........163

Dr. Nano Ruzin
L'AUTORITARISME POPULISTE ET LA CORUPTION – LE CAS DE LA REPUBLIQUE DE MACEDOINE
(ПОПУЛИСТИЧКИОТ АВТОРИТАТИЗАМ И КОРУПЦИЈАТА – СЛУЧАЈОТ СО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)........169

Dr. Rumiana Jeleva
BALKAN PERSPECTIVES OF EUROPEAN INTEGRATION: POLITICAL DEVELOPMENT AND PARTY SYSTEM INSTITUTIONALIZATION IN BULGARIA
(БАЛКАНСКИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА: ПОЛИТИЧКИОТ РАЗВОЈ И ИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА СИСТЕМОТ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ВО РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА)........207



Д-р Никола Поповски
ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА
(CHALLENGES OF THE CIRCULAR ECONOMY)........221

**ПОГЛАВЈЕ / CHAPTER 4**
ПРАВДА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО
FIAT JUSTICIA ET PEREAT MUNDUS!........231

*УСТАВНО И АДМИНИСТРАТИВНО ПРАВО*
*CONSTITUTIONAL AND ADMINISTRATIVE LAW*........233

Д-р Светомир Шкариќ
НИЗОЗЕМСКАТА РЕВОЛУЦИЈА И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ДЕНЕШНО ВРЕМЕ
(THE DUTCH DEVOLUTION AND ITS IMPACT NOWADAYS)........235

Dr. G.H. Addink
GOOD GOVERNANCE: A NORM FOR THE ADMINISTRATION OR A CITIZEN'S RIGHT?
(ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ: НОРМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈАТА ИЛИ ПРАВО НА ГРАЃАНИНОТ?)........257

Dr. sc. Jasna Omejec
O SUOČAVANJU HRVATSKOG DRUŠTVA S NEPRAVNOM PROŠLOŠĆU
(ЗА СООЧУВАЊЕТО НА ХРВАТСКОТО ОПШТЕСТВО СО НЕПРАВНОТО МИНАТО)........281

д-р Сергей Николаевич Бабурин
КОНСТИТУЦИОННО-ПРАВОВОЕ ВОПЛОЩЕНИЕ РУССКОГО ЦИВИЛИЗАЦИОННОГО ВЫБОРА
(CONSTITUTIONAL EMBODIMENT OF RUSSIAN CIVILIZATION CHOICE)........307

Borce Davitkovski, PhD
Ana Pavlovska Daneva, PhD
Konstantin Bitrakov, LL.M.
NOVELTIES IN THE MACEDONIAN ADMINISTRATIVE DISPUTE REGIME - CRITICAL OBSERVATIONS -
(НОВИНИ ВО РЕЖИМОТ НА УПРАВНИОТ СПОР ВО МАКЕДОНИЈА - КРИТИЧКИ ОПСЕРВАЦИИ -)........321

dr. Jeton Shasivari
PREAMBULA SI PJESË E STRUKTURËS SË KUSHTETUTËS: DEKLARATË SIMBOLIKE APO ENERGJI JETËSORE E KUPTIMIT TË KUSHTETUTËS
(ПРЕАМБУЛАТА КАКО ДЕЛ ОД СТРУКТУРАТА НА УСТАВОТ: СИМБОЛИЧНА ИЗЈАВА ИЛИ ЖИВОТНА ЕНЕРГИЈА НА ЗНАЧЕЊЕТО НА УСТАВОТ)........341

*ГРАЃАНСКО И ТРГОВСКО ПРАВО*
*CIVIL AND COMMERCIAL LAW* ..... 357

Д-р Арсен Јаневски
ПРЕКИН НА ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНАТА ОД НОТАР
(DISCONTINUING OF LEGACY PROCEEDINGS BY A NOTARY) ..... 359

Д-р Горан Коевски
КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК И НЕГОВАТА УЛОГА ВО ДИЗАЈНИРАЊЕТО НА ДЕЛОВНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
(THE CRIMINAL CODE AND ITS ROLE IN THE DESIGNING OF THE BUSINESS ENVIRONMENT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA) ..... 383

*КАЗНЕНО ПРАВО*
*CRIMINAL LAW* ..... 399

Д-р Ѓорги Марјановиќ
Д-р Методија Каневчев
ИНСТИТУТОТ ПРОДОЛЖЕНО КРИВИЧНО ДЕЛО
(DELLICTUM CONTINUATUM)
ВО МАКЕДОНСКИОТ КРИВИЧЕН ЗАКОНИК
(THE INSTITUTE OF CONTINIUED CRIME IN THE MACEDONIAN CRIMINAL CODE) ..... 401

Acad. Alenka Šelih
LIFE IMPRISONMENT AND ITS ABOLITION
(ДОЖИВОТНИОТ ЗАТВОР И НЕГОВОТО УКИНУВАЊЕ) ..... 421

d-r Zoran Stojanović
GRANICE KRIVICE PODSTREKAČA I POMAGAČA U KRIVIČNOM PRAVU SRBIJE I CRNE GORE
(ГРАНИЦИТЕ НА ВИНАТА КАЈ ПОТТИКНУВАЧОТ И ПОМАГАЧОТ ВО КРИВИЧНОТО ПРАВО НА СРБИЈА И ЦРНА ГОРА) ..... 439

д-р Юрий Владимирович Голик
ПРОБЛЕМЫ УГОЛОВНОГО НАКАЗАНИЯ С ТОЧКИ ЗРЕНИЯ ФИЛОСОФИИ
(ПРОБЛЕМИТЕ НА КАЗНЕНИТЕ САНКЦИИ ОД ГЛЕДНА ТОЧКА НА ФИЛОЗОФИЈАТА) ..... 457

Akademik, prof. dr Miodrag N. Simović
Prof. dr Dragan Jovašević
NASILJE U PORODICI U MEĐUNARODNOM KRIVIČNOM PRAVU
(СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО МЕЃУНАРОДНОТО КРИВИЧНО ПРАВО) ..... 467



д-р Владимир Коняхин
АЛГОРИТМ И СТРАТЕГИЯ РАЗВИТИЯ РОССИЙСКОГО УГОЛОВНОГО ЗАКОНОДАТЕЛЬСТВА В СОВЕТСКИЙ, ПОСТСОВЕТСКИЙ И СОВРЕМЕННЫЙ ПЕРИОДЫ
(АЛГОРИТАМ И СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА РУСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО ВО СОВЕТСКАТА, ПОСТ-СОВЕТСКАТА И СОВРЕМЕНАТА ЕРА) ..... 487

д-р Ю.И.Дук
ПУТИ ПОВЫШЕНИЯ ЭФФЕКТИВНОСТИ РЕГИОНАЛЬНЫХ ПРОГРАММ ПО БОРЬБЕ С ПРЕСТУПНОСТЬ
(НАЧИНИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА РЕГИОНАЛНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА БОРБА ПРОТИВ КРИМИНАЛОТ) ..... 493

д-р Александр Коробеев
ОСОБЕННОСТИ УГОЛОВНО-ПРАВОВОГО РЕГЛАМЕНТАЦИИ ПРЕСТУПЛЕНИЙ ТЕРРОРИСТИЧЕСКОГО ХАРАКТЕРА В УГОЛОВНОМ ЗАКОНОДАТЕЛЬСТВЕ РЕСПУБЛИКА МАКЕДОНИЯ
(ПОСЕБНОСТИТЕ НА КАЗНЕНО-ПРАВНОТО УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛАТА ОД ТЕРОРИСТИЧКИ КАРАКТЕР ВО КАЗНЕНОТО ПРАВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА) ..... 499

Dr. Milenko Kreća
RELEVANCE OF LEGAL FINDINGS OF THE INTERNATIONAL CRIMINAL COURT FOR FORMER YUGOSLAVIA (ICTY) IN THE GENOCIDE CASES BEFORE INTERNATIONAL COURT OF JUSTICE (ICJ)
(РЕЛЕВАНТНОСТА НА ПРАВНИТЕ НАОДИТЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ КРИВИЧЕН СУД ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА (ICTY) ВО СЛУЧАИТЕ ЗА ГЕНОЦИТ ПРЕД МЕЃУНАРОДНИОТ СУД НА ПРАВДАТА (ICJ)) ..... 505

д-р Срето Ного
О МЕЂУНАРОДНОМ КРИВИЧНОМ И СУДСКОМ ПРАВУ
(ЗА МЕЃУНАРОДНОТО КРИВИЧНО И СУДСКО ПРАВО) ..... 521

Д-р Никола Тупанчески
МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА – БАЗИЧНА АЛАТКА ВО СУЗБИВАЊЕТО НА ТРАНСНАЦИОНАЛНИОТ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ
(INTERNATIONAL COLLABORATION – BASIC TOOL FOR THE SUPRESSION OF TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME) ..... 537

Д-р Гордана Лажетиќ
ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ И УЛОГАТА НА ЕВРОПСКИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ
(PROTECTION OF THE FINANCIAL INTERESTS OF THE EU AND THE ROLE OF THE EUROPEAN PUBLIC PROSECUTOR) ..... 551

Д-р Гордан Калајџиев
РЕФОРМАТА НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА
ВО ДРЖАВИТЕ НА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА
(REFORM OF THE CRIMINAL PROCEDURE
IN THE COUNTRIES OF EX-YUGOSLAVIA) .......... 573

Ismail Zejneli, PhD
GENERAL OVERVIEW OF TREATMENT
OF JUVENILES- CRIMINAL OFFENCE PERPETRATORS
(ОПШТ ПРЕГЛЕД НА ТРЕТМАНОТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ
СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА) .......... 591

Besa Arifi, PhD
CLEMENCY (PARDON) ACCORDING TO THEORY
AND PRACTICE – CHALLENGES AND PERSPECTIVES
(ПОМИЛУВАЊЕТО СПОРЕД ТЕОРИЈАТА
И ПРАКСАТА – ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ) .......... 607

Д-р Александра Груевска Дракулевски
ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА КРИМИНОЛОГИЈАТА
И НА КРИМИНОЛОШКИТЕ ТЕОРИИ
(MEANING OF THE CRIMINOLOGY
AND THE CRIMINOLOGICAL THEORIES) .......... 627

Д-р Александра Деаноска
ЕВГЕНИКАТА ЗАСНОВАНА ВРЗ НАУКА - НОВ ПРЕДИЗВИК
ВО РАЗВОЈОТ НА СОВРЕМЕНОТО КАЗНЕНО ПРАВО
(EUGENIGCS BASED ON SCIENCE – NEW CHALLENGE
IN THE MODERN CRIMINAL LAW DEVELOPMENT) .......... 645

Д-р Лазар Нанев
СИСТЕМ НА ПРОЦЕДУРИ ЗА КРИВИЧНО-ПРАВНА И ГРАЃАНСКО- СУДСКА
ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ ОД НАСИЛСТВО,
ЗЛОСТАВУВАЊЕ И ЗАНЕМАРУВАЊЕ
(SYSTEM OF PROCEDURES FOR CRIMINAL AND CIVIL PROTECTION
OF THE CHILDREN WHO ARE VICTIMS OF VIOLENCE, ABUSE,
AND NEGLIGENCE) .......... 663

Д-р Дивна Илиќ Димоски
НЕКОИ ПРАШАЊА ОКОЛУ ИСПИТУВАЊЕТО
НА ОБВИНЕТИОТ ВО ФРАНЦУСКАТА КРИВИЧНА ПОСТАПКА
(SOME DILEMMAS IN RESPECT TO THE DEFENDANT'S
QUESTIONIN IN THE FRENCH CRIMINAL PROCEDURE) .......... 689



Д-р Александар Маршавелски
ОДГОВОРНА РЕГУЛАЦИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И СПРАВУВАЊЕ
СО КРИМИНАЛОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ
(RESPONSIBLE REGULATION FOR PREVENTION OF AND HALDING WITH
THE CRIMES CONDUCTED BY THE POLITICAL PARTIES) .......... 703

Barbara Vettori, Ph.D.
Boban Misoski, Ph.D.
SOCIAL REUSE OF CONFISCATED ASSETS IN THE EU:
CURRENT EXPERIENCES AND POTENTIAL FOR ITS
ADOPTION BY OTHER EU AND NON-EU COUNTRIES
(СОЦИЈАЛНА РЕУПОТРЕБА НА КОНФИСКУВАН ИМОТ ВО ЕУ:
МОМЕНТАЛНИ ИСКУСТВА И ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ
ВО ОСТАНАТИТЕ ДРЖАВИ ВО ЕУ И НАДВОР ОД НЕА) .......... 721

Д-р Елена Мујоска Трпевска
MALITIA SUPPLET AETATEM
(ЗЛОБАТА ЈА НАДОПОЛНУВА ВОЗРАСТА) .......... 739

Д-р Тодор Витларов
УЛОГАТА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ
ВО ПОСТАПКА ПО ЖАЛБА
(THE ROLE OF THE PUBLIC PROSECUTOR
IN THE SECOND-INSTANCE PROCEDURE) .......... 759

Д-р Лидија Раичевиќ
УЛОГАТА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ
ВО БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ
(THE ROLE OF THE PUBLIC PROSECUTOR
IN THE FIGHT AGAINST TERRORISM) .......... 773

Акад. Владо Камбовски
БЛАГОДАРНОСТ .......... 797

15. Ignjatović, D., (2006) "Kriminologija", Beograd: Nomos.
16. Ignjatović, D., (2006) "Kriminološko nasleđe", Beograd: Službeni glasnik.
17. Knutsson, J., (1977) "Labeling Theory - a critical examination", Report No. 3, Stockholm, Sweden: Scientific Reference Group.
18. Laub, H., John and Sampson, J., Robert, (1993) "Crime in the Making: Pathways and Turning Points through Life", Harvard University Press.
19. Laub, H., John and Sampson, J., Robert, (2001) "Understanding Desistance from Crime" in Tonry, M., (ed.) "Prisons: Crime and Justice: An Annual Review of Research", Vol. 28.
20. Maruna, Shadd, (2001) "Making Good: How Ex-convicts Reform and Rebuild Their Lives", Washington, D. C., American Psychological Association.
21. Matza, David, (1964) "Delinquency and drift", London, John Wiley and Sons, Inc.
22. McLaughlin, E., Muncie, J., (2003) "The Sage Dictionary of Criminology", London: Sage Publications.
23. McLaughlin, E., Muncie, J.and Hughes, G., (Eds.) (2004) "Criminological Perspectives: Essential Readings", Sage Publications: London.
24. Sampson, R. and Laub, J. (1995) "Crime in the Making: Pathways and Turning Points through Life", Harvard University Press.
25. The Structure and Relevance of Theory in Criminology (http://www.utica.edu/faculty_staff/dsharma/downloads/R-Structure_Relevance_of_Theory_in_Criminology.pdf). (Пристапено на 11.6.2018).
26. Vold, George B., Bernard, Thomas, J. and Snipes, Jeffrey B., (2002) "Theoretical criminology", Oxford, Oxford University Press.
27. Warr, Mark, (1998) "Life-Course Transitions and Desistance from Crime", Criminology, Vol. 36.
28. Zamble, Edward. and Quinsey, Vernon L., (1997) "The Criminal recidivism process", Cambridge, Cambridge University Press.
29. Арнаудовски, Љупчо (2007) „Криминологија", Скопје: Печатница „2-ри Август", Штип.




*Д-р Александра Деаноска**

# ЕВГЕНИКАТА ЗАСНОВАНА ВРЗ НАУКА - НОВ ПРЕДИЗВИК ВО РАЗВОЈОТ НА СОВРЕМЕНОТО КАЗНЕНО ПРАВО

## (EUGENIGCS BASED ON SCIENCE – NEW CHALLENGE IN THE MODERN CRIMINAL LAW DEVELOPMENT)


## Апстракт

Во овој труд се обработува прашањето за евгениката, нејзиното комплексно значење и новите движења кои последниве децении ги воскреснаа историските концепти и обиди за креирање на супериорна човечка раса. На почетокот се претставени злоупотребите и грозоморните експерименти и програми преку кои милиони луѓе пред и за време на Втората светска војна се лишени од живот заради тоа што биле лица со определена физичка или ментална попреченост, стари и болни лица и сметани за товар на општеството. Во суштина, дефинирајќи ги евгеничките постапки како дејствија со цел да се фаворизираат добрите, а да се избегне наследувањето на т.н. „лоши гени", авторката заклучува дека низа медицински и други постапки може да имаат евгенички карактер. Оттука, таа ги разгледува прашањата за пренаталниот скрининг, генските терапии, абортусот во случај на детектирани аномалии на плодот, репрогенетиката итн. Посебна загриженост се истакнува во врска со новите евгенички движења и т.н. евгеника заснована врз наука кои предлагаат дискриминаторски решенија за перманентно одземање на репродуктивните права на лицата со попреченост. Истакнувајќи ја корелацијата на евгениката со казненото право и потребата од казненоправна заштита, авторката укажува на позитивните законски решенија и потребата од дополнување на постојната казненоправна рамка.


## 1. Вовед

Обидите да се создаде супериорна човечка раса во физичка, психичка, здравствена и естетска смисла, поткрепени од желбата за „усовршување" на човечкото суштество, потекнуваат одамна. Тие му се многу

* Вонреден професор на Институтот за казнено право, Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

добро познати на човештвото и насликани на срамната страна на историјата, а платени со многубројни жртви, иронично, најчесто токму од страна на оние на кои животот веќе од одреден аспект „им го одзел" правото да уживаат во добро здравје, било од моментот на раѓањето, поточно зачнувањето (како што се, на пример, лицата со вродени аномалии), како резултат на определен настан (сообраќајна или работна несреќа и сл.) или како резултат на стареење и сл. Во амбициите на поединци да делуваат во насока на создавање на погоре споменатата „супериорна" човечка раса, за жал, во најдискриминациска смисла на зборот, се изродија извитоперените идеи за т.н. „безвреден живот", детектиран кај лица со физичка или ментална попреченост, стари, болни и изнемоштени лица итн., често нарекувани како „бескорисни јадачи" (useless eaters).[865] Тие резултираа со најгрозоморните медицински експерименти и убиства, кои, всушност, ја претставуваат евгениката во нејзиниот најсуров облик и за жал, беа затскриени најчесто зад превезот на евтаназијата како постапка зад која во суштина стои побуда од благороден карактер.[866] Се смета дека нацистите имаат убиено најмалку 250.000 хоспитализирани лица со физички или ментален хендикеп, за кои германската влада јавно се извини во 2004 година, а во јули 1933 година, набрзо по доаѓањето на власт на Адолф Хитлер во Германија, повикувајќи се на евгениката како наука, донесени се задолжителни мерки за стерилизација на жени и мажи кои страдаат од наследни болести. Исто така, се претпоставува дека и над еден милион лица со хендикеп кои не биле институционализирани, исто така биле убиени.[867]

Како и во сите сфери и области во кои човекот и граѓанинот уживаат определени права, казненото право и тука е повикано и како наука и како позитивноправна дисциплина да го обезбеди последниот (ultima ratio) и највисок степен на заштита. И токму кога би можеле да заклучиме дека евгениката, поточно евгенички мотивираните дејствија кои во суштина, манифестно, се облици на тортура, телесни повреди и убиства (особено за време на Втората светска војна) и се јасно детерминирани во правото како квалифицирани облици на соодветните казнени дела, напредокот на науката, посебно на медицината и на молекуларната биологија, односно генетиката, повторно го отвораат прашањето дали

[865] Mostert,M.P., „Useless Eaters: Disability as Genocidal Marker in Nazi Germany", достапно на https://www.catholicculture.org/culture/library/view.cfm?recnum=7019

[866] „The Nazi Euthanasia (T-4) Program: Background and Overview", достапно на: https://www.jewishvirtuallibrary.org/background-and-overview-of-the-nazi-euthanasia-t-4-program

[867] Reiser, R., „Lest we forget: Eradicating the 'Useless Eaters' in the Third Reich", достапно на http://www.worldofinclusion.com/res/qca/Lest_We_Forget.pdf



евгениката „се враќа на сцена", овојпат во облик кој би можел да биде не само правно допуштен, туку и регулиран?

## 2. Поимот евгеника и неговата повеќезначност

Одговорот на претходно поставеното прашање треба да се развива во рамките на медицинското казнено право, кое како релативно млада комплексна научна дисциплина синергички ги спојува медицината и правото, со цел да се обезбеди соодветна заштита на човековите права во поглед на заштитата на здравјето, телесниот и душевниот интегритет на индивидуата, со соодветен минимум на биоетичка оправданост.

Што, всушност, ова значи? Поимите во правото што имаат медицинско потекло или значење, многу е важно да бидат јасно детерминирани, а доколку се работи за концепти што се менливи, зависно од научниот напредок, да се следи и соодветно да се адаптира и нивната дефиниција.

Поимот „евгеника" е токму таков - еволутивен и повеќезначен, при што мора да се нагласи дека дел од неговите значења се веќе утврдени и тие недвосмилено претставуваат дејствија кои се најстрого казниви.

Од етимолошки аспект, зборот „евгеника" потекнува од грчкиот збор εὐγενής и значи „добра раса".

Во таа смисла, да ги разгледаме следниве дефиниции кои го отсликуваат поимот евгеника:[868] Евгениката претставува учење за методите на подобрување на генетските квалитети преку селективно одгледување/размножување;[869] наука за подобрување на родот, социјална филозофија која го фаворизира подобрувањето на човечките наследни квалитети преку селективно одгледување;[870] примена на принципите на генетиката во подобрувањето на човечката раса;[871] верување според кое информациите за наследувањето може да се искористат за подобрување на човечката раса;[872] практика на обиди за влијание врз човечкото наследување (пренесување на гените од родителот врз детето) преку поддршка на трансмисијата на посакуваните карактеритики и непренесување на несаканите

[868] Подетално види Деаноска – Трендафилова, А., „Казненоправни аспекти на генетските манипулации" (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2010, стр. 40-42.

[869] http://wordnetweb.princeton.edu/perl/webwn?s=eugenics

[870] http://en.wiktionary.org/wiki/eugenics

[871] http://www.fao.org/docrep/003/x3910e/x3910e08.htm

[872] http://www.ornl.gov/sci/techresources/Human_Genome/publicat/genechoice/glossary.html

карактеристики;[873], збир на програми преку кои луѓето внимателно се селектираат за репродукција, со цел да се максимизираат определени квалитети;[874] научна практика на подобрување на популацијата или видовите преку селективно размножување или генетски инженеринг;[875] генетска и општествена теорија според која човечката раса е подобрена преку селективна репродукција на задржување на добрите и елиминација на лошите карактеристики;[876] обид за артифициелна селекција кон определен сет на посакувани карактеритики и предложен напредок на генетскиот состав преку охрабрување на одгледување потомство на оние за кои се претпоставува дека ги имаат посакуваните гени (позитивна евгеника) и обесхрабрување на одгледувањето потомство на оние лица за кои се претпоставува дека ги имаат непосакуваните гени (негативна евгеника);[877] учење за продукција на подобро потомство преку внимателна селекција на родителите.[878]

Што се однесува, пак, на значењето на придавката „евгенички" или „евгеничка", „...тоа претставува целење кон или предизвикување на подобрување на потомството; [879] нешто што е во врска со продукцијата на добро потомство.[880]

Како што може да забележиме, медицинските и социолошките дефиниции го определуваат поимот евгеника понеутрално од оној во казненото право, укажувајќи пред сè на неговото онтолошко значење. Тоа е резултат на определени тези и размислувања што мора да бидат апсолвирани при детерминирањето на овој поим во конкретна констелација.

Притоа, како што забележуваме, евгениката се разгледува и се детерминира како учење, верување, социјална филозофија, теорија, научна практика итн., но во секој случај целта е секаде иста – подобрување на човечкото потомство.

Во таа смисла, целите на евгениката - во насока на фаворизирање на „добрите" гени наспроти „лошите" (што, всушност, претставуваат генетски мутации), сами по себе не претставуваат нешто што е девијантно и забрането, ако тоа не е облик на дискриминација и не е на ничија штета. Оттука, неспорно е дека лишувањето од живот на лице со душевна болест,

[873] http://www.genetics.com.au/glossary/e.asp

[874] http://www.translationdirectory.com/glossaries/glossary007_e.htm

[875] http://www.routledge.com/textbooks/9780415485395/glossary.asp

[876] http://www.uvm.edu/~cgep/Education/Glossary.html

[877] http://www.cap-lmu.de/fgz/portals/biotech/terminology.php

[878] http://www.cap-lmu.de/fgz/portals/biotech/terminology.php

[879] http://wordnetweb.princeton.edu/perl/webwn?s=eugenic

[880] http://en.wiktionary.org/wiki/eugenic



заради тоа што некој смета дека таквите лица не се способни за живот и се товар на општеството, ќе претставува убиство со евгенички мотив. Но, евгеничкиот мотив нема да е негативен во случај кога, на пример, ќе се примени определена генска терапија со која по пат на генетски инженеринг ќе биде отстранета определена мутација на ген или ќе биде корегиран кај фетус или ембрион определен синдром со кој би се родило детето без соодветната интервенција. Како што може да забележиме, во првиот случај, од евгенички побуди, определено лице се лишува од живот (значи му се одзема право), а во вториот случај од евгенички побуди се аплицира процедура во насока на лекување и обезбедување подобар живот и здравје на индивидуата (му се овозможува уживање на права во натамошниот живот). Оттука, напорите за наоѓање методи за успешни терапевтски генски терапии (но кои нема да влијаат на геномот на идните генерации), доколку е тоа можно, би требало да се поддржат.

Квалификацијата и воопшто оценувањето на конкретните дејствија ќе биде многу лесна, доколку како критериум се земе еднаквоста на луѓето и воопшто меѓународниот корпус на човекови права и слободи. Затоа, во едно општество е клучно да се обезбеди почитување и заштита на универзалните вредности и владеење на правото.

## 3. За корелацијата на казненото право и евгениката

Евгениката и казненото право се во корелација преку две различни димензии. Првата го означува оценувањето на евгеничките постапки од страна на казненоправната наука како кривични дела. Така, кривичарите сметаат дека убиството на лице „невредно" за живот – во социјална смисла, претставува квалифициран облик на лишување од живот.

Во таа насока, во рамките на казненоправната наука со право му се обрнува внимание на ова прашање преку примена на интердисциплинарен пристап. Имено, одредени автори основано укажуваат на конфундирањето на овој поим со поимот евтаназија,[881] натаму на фактот дека социјалната „бескорисност" не смее да биде основа за лишување на кое било лице од своето право на живот, како и на тоа дека определувањето на тоа што е „вредно" е условено од многу фактори – социјални, политички и други. Оттука, не смее ниту гореспоменатото, а уште помалку медицинските научни достигнувања да бидат искористени за создавање на „програмирано потомство".[882]

[881] Камбовски, В., Тупанчески, Н., „Казнено право – посебен дел", Скопје, 2011, стр. 46-47.

[882] Ibid.

Вториот правец или димензија на корелација е во насока на историскиот пристап според кој со евгенички мерки треба да се сузбие криминалот. Казненото право е поврзано со поимот на евгениката уште од објавувањето на ставовите на Чезаре Ломброзо за генетската (хромозомска) заснованост на криминалното однесување кај човекот.[883] Со оглед на тоа што евгениката означува преферирање на посакуваните наследни особини, логично е, иако медицински неоправдано, што во тоа време евгеничките мерки биле земени предвид во различни опсервации како мерки за борба против криминалот преку намалувањето на бројот на криминалци и спречување на нивното потомство.[884]

## 4. Евгениката, пренаталната дијагноза и репрогенетиката. Генетски тестови и скрининзи.

Генетиката е инхерентен дел од сè што е поврзано со евгениката, почнувајќи од мотивите, проблемот до изнаоѓањето решенија за евгенички мотивираните цели. Во современ контекст, во генетиката се бараат решенијата што ќе бидат легални и легитимни. Анализата на гените дава исклучителен придонес во сферата на т.н. „предиктивна медицина". Таа се состои во анализа на структурата на ДНК, при што доаѓа до дешифрирање на определени наследни особини на човекот. Генетскиот тест се состои во идентификација на гените што предизвикуваат наследни болести или, пак, предизвикуваат склоност кон определени болести. Со откривањето на сè поголем број гени се зголемува и бројот на предвидливи болести, меѓу кои, за жал, се и голем број од оние за кои денес не постои ефикасен лек ниту, пак, каков било метод на лекување.

Пренаталната дијагноза, која е генетско тестирање, се спроведува и во нашата држава и тоа за моногенските болести, како и за хромозомските анеуплодии (абнормалности на 21, 18, 13, X и Y хромозомите), а со користење на техниките на рекомбинантна ДНК технологија се детектираат многу наследни болести, како што се таласемијата, цистичната фиброза, хемофилијата итн.[885]

[883] Подетално види Cheema, A.A., Virk, A., „Reinventing Lombroso in the Era of Genetic Revolution: Whether Criminal Justice System Actually Imparts Justice or is Based on "Convenience of Assumption", International Journal of Criminology and Sociological Theory, August 2012, стр. 936-946, исто и Sammons, A., „Physiological Theory of Offending", Criminological psychology, достапно на http://www.psychlotron.org.uk/newresources/criminological/a2_aqb_crim_physiologicaltheories.pdf

[884] Battaglini, G., „Eugenics and The Criminal Law", Journal of Criminal Law and Criminology, 1914.

[885] Поопширно види Ефремов Г. Д. (уредник) „Истражувачки центар за генетско инженерство и биотехнологија (дваесетгодишен јубилеј) ", МАНУ, Скопје, 2007, стр. 141.



Генетскиот скрининг претставува генетско тестирање кое може да се појави во повеќе облици, како, на пример, пренатален скрининг што претставува генетско испитување пред раѓањето на детето за да се откријат евентуални генетски недостатоци кај идното дете, неонатален скрининг, кој се прави кај новородени деца, скрининг тест на носители, каде што се врши испитување дали поединецот е носител на ген одговорен за појава на определена болест итн.

Во Препораката бр. Р (92) 3 на Комитетот на министри на Советот на Европа за генетско тестирање и скрининг за здравствени цели[886], генетскиот скрининг се дефинира како поим што ги опфаќа генетските тестови спроведени врз цела или дел од популацијата без претходно сомневање дека тестираните поединци може да се носители на определена црта, карактеристика.

Прашањето на генетскиот скрининг го обработува и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за човекови права и биомедицина за генетско тестирање за здравствени цели,[887] според кој генетскиот скрининг вклучува користење на генетски тестови и програмите за генетски скрининг треба да бидат одобрени од надлежен орган, по дадена независна оценка за етичката прифатливост, натаму, да се работи за програма која е здравствено релевантна за целата или за дел од полулацијата итн.

Овој скрининг е предмет на обработка и на Препораката бр. Р (90) 13 на Комитетот на министри на Советот на Европа за пренатален генетски скрининг, пренатална генетска дијагноза и генетско советување,[888] каде што тој се наведува дека тој ги опфаќа скрининг тестовите што се вршат заради идентификување на поединци кои се во ризик да пренесат генетско растројство врз своето поколение меѓу општа популација на навидум здрави поединци.

Според некои автори, [889] генетскиот скрининг претставува систематичка потрага по лица со специфичен генотип. Овие тестови засегаат во суштината на човечноста и генетските придобивки ќе донесат контроверзи на секој чекор.

[886] Council of Europe, European Treaty Series - No. 203, 2008, стр. 37-41.

[887] Additional Protocol to the Convention on Human Rights and Biomedicine concerning Genetic Testing for Health Purposes, достапно на https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/203

[888] Council of Europe, European Treaty Series - No. 203, 2008, стр. 29-32.

[889] Kjono, J., „Genetic screening", достапно на http://www.ndsu.edu/pubweb/~mcclean/plsc431/students/kjono.html.

### Генски терапии.

Во последниве децении, како решение за горенаведеното, се гледаат генските терапии. Генската терапија претставува постапка на замена на дефицитниот генски продукт или корекција на мутираниот ген.[890] Таа може да се јави како соматска генска терапија, генска терапија на полови клетки (герминативна генска терапија) и генска терапија на ембриони.

Соматската генска терапија се врши преку внесување на здрави гени во телесните клетки на човекот во кои постои дефектен ген со терапевтска цел. Ваквата терапија влијае само врз лицето коешто се третира и не се пренесува на потомците. Таа е ограничена на потешките болести, особено на оние за кои не постои алтернативен третман. Според определени научници,[891] околу 300 клинички обиди за генска терапија се одобрени за деца и возрасни со различни генетски и негенетски нарушувања.

За разлика од соматската генска терапија, генската терапија на половите клетки – герминативната генска терапија и генската терапија на ембрионите дејствуваат не само на конкретниот организам, туку и врз потомците и, оттука, етички се недопуштени и најчесто инкриминирани.

Постојат поделени мислења во поглед на тоа дали треба да постои апсолутна забрана на двете или само на герминативната генска терапија, а дали евентуално треба да биде дозволена ембрионалната кај т.н. негативни генетски интервенции, односно оние кои се вршат со цел да се спречат наследните болести?[892] Ова е, всушност, третото ниво на евгеничко постапување. По физичката елиминација на луѓе или абортирање на фетуси со аномалии, ембрионалната генска терапија би била токму генската терапија на ембриони со кои би се постигнала целта за отстранување на т.н. „лоши гени", а тоа истовремено не би значело лишување од живот, абортус или ограничување, оневозможување на репродукцијата кај овие лица.

### Абортусот како решение за избегнување на „лошите" гени.

Неспорно е дека кривичарите имаат цврст став против евгеничките постапки. Но, во сивата зона каде тешко може да се исцрта линијата помеѓу дозволеното и забранетото се поместени низа прашања кои остануваат да бидат дискутабилни заради нивната (био)етичка (не) допуштеност, како што е прашањето за медицинските индикации за

[890] Трајковски, В., „Хумана Генетика", Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Скопје, 2005, стр. 332.

[891] Ibid., стр. 334-336.

[892] Radišić J., „Medicinsko pravo", drugo prerađeno i dopunjeno izdanje, Nomos, Beograd, 2008, стр. 266-268.



аномалии на плодот како основа за исклучување на противправноста кај нелегалниот абортус, како што е случај и со позитивното македонско законодавство и решенијата на Законот за прекинување на бременоста.

Тука, токму кривичарите се повикани да го дадат одговорот околу кој и самите имаат низа дилеми и каде што се судираат со вечното прашање за почетокот на заштитата на правото на живот. Се чини дека тоа прашање е решено со националните закони за прекинување на бременоста според кои 10-та, односно, често во компаративното право се среќава и 12-та гестациска недела, се границата по која секој абортус претставува кривично дело, освен доколку не постои некоја од законски определените основи за исклучување на противправноста.

За жал, достапните скрининзи и тестови за генетски и други аномалии се вршат, односно може да дадат сознанија по иницијално дозволениот период за абортус, па во случај на резултат кој потврдува дека постои одредена аномалија на плодот, родителите имаат право да пристапат кон абортус во согласност со законските услови, а законот најчесто не определува дали и за кои дијагнози тоа би требало да е дозволено. Па, во пракса лекарите често знаат да го изразат своето негодување кога ќе биде од нив побарано, на пример, мислење дека треба да се дозволи абортус на плод со утврдена срцева аномалија која е операбилна и без последици по должината и квалитетот на живот на детето. И додека едни родители се соочени со високиот степен на веројатност дека утврдената аномалија ќе доведе до смрт на детето во краток рок по раѓањето, други се цврсто решени да пристапат кон абортус на плод во одмината фаза од бременоста, дури и кога се работи за коректибилна аномалија.

### Наместо абортус – генски терапии?

Ако се навратиме на дефинициите за евгениката, доаѓаме до заклучок дека ваквата цел може да се постигне преку создавање потомство од родители за кои знаеме (преку генетски тестови) дека имаат здрави гени или, поточно, дека немаат гени на тешки аномалии и синдроми при што, доколку се утврди постоење на таква аномалија, ќе се изврши определена манипулација со гените уште во раната фаза (предоплодувачка или ембрионална, во лабораториски услови). Не е тајна дека денес ширум целиот свет во лабораториите за ин витро оплодување се избира полот на идното дете. Ваквата постапка сепак е забранета и оценета како етички и морално неприфатлива, освен кога тоа се прави за да се избегне определена тешка наследна болест. На пример, ако определен синдром се наследува преку таткото, односно преку Y хромозомот, наместо ембрион од машки пол, ќе се креира ембрион од женски пол кој нема да го наследи генот што го носи само машка индивидуа.

Како што споменавме, евгениката се дели на позитивна и негативна, но некои автори ја познаваат и како превентивна и прогресивна, а и определувањето на овие категории е различно кај различни автори.[893]

Поделбата на евгениката на позитивна и негативна, според дефиницијата на Истражувачката група за глобална иднина на Германскиот центар за истражување на применети политики[894], не означува дека едната е дозволена, а другата забранета постапка, туку дека позитивната означува користење на сознанијата на хуманата генетика за зајакнување на посакуваните генетски засновани карактеритики и однесувања, а негативната за елиминација или ублажување на генетски засновани болести и/или состојби на попреченост.[895]

Постојат дилеми околку допуштеноста на овие видови на евгеника. Додека за позитивната постојат поиздиференцирани ставови за нејзината недопуштеност, негативната евгеника на мала врата станува допуштена преку претходно споменатите генски терапии.[896] Имено, т.н. негативни интервенции: користењето на ин витро техники на оплодување, при што се прави т.н. преимплантациска генетска дијагноза заради имплантирање само на ембрионите кои немаат дефектни гени, дозволувањето на абортус заради медицински индикации, на пример, на фетус кој има вишок хромозом 21 и кој би имал Даунов синдром, користењето на соматска клеточна терапија за внесување на функционални АДА гени кај деца со тешка комбинирана имуно дефициенција итн. всушност претставуват користење на генетските процедури и манипулации за елиминирање или ублажување на генетски засновани дефекти, што не е ништо друго туку негативна евгеника.[897]

Додека научниците и истражувачите едногласно се согласуваат околу оправданоста на генетските тестирања и генетскиот скрининг за болести и состојби кои се јавуваат во раното детство, веднаш по раѓањето и траат цел живот, постојат несогласувања околу оправданоста на генетските тестови за предиспозиција на болести или наследување на рецесивни гени, па така, на пример, се поставува прашањето за етичката допуштеност на тестирањето за склоност кон Алцхајмерова болест.

За жал, претходно споменатите ембрионални генски терапии, кај нас не се опција, тие засега не само што се биоетички проблематични, туку и истражувањата за нив и во светот се сè уште во експериментална фаза.[898]

### *Евгеника и репрогенетика.*

Сето наведено укажува уште еднаш на потребата од редефинирање на многу поими во самата биомедицинска сфера, за да може во рамките на казненото право да се понуди најсоодветната заштита на правата и слободите на човекот и да се определи јасно линијата на забранетото и на дозволеното.[899]

И токму кога може да се согласиме дека треба да најдеме прецизна дефиниција и опсег на значењето на поимот евгеника, во литературата сè почесто се појавува еден нов назив – репрогенетика. Ако тргнеме од тоа дека одредени автори репрогенетиката ја определуваат како постапка на користење на генетските информации и на технологија за да се обезбеди или да се превенира наследувањето на определени гени кај одредено лице,[900] тогаш логично се поставува прашањето дали зад овој нов назив не се крие повторно евгениката?

Според Silver,[901] иако биоетичарите укажуваат дека репрогенетиката всушност крие чисто евгенички постапки, суштинската разлика меѓу овие два поими е дека евгениката цели кон создавање на чисто општество, раса и сл. и нејзина движечка сила е државата, додека репрогенетиката се врши на индивидуално ниво – самите родители се тие што решаваат за избор на посакуваните гени.

[893] Трајковски, В., „Хумана генетика", Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Скопје, 2005, стр. 34.

[894] Centrum Fur angewandte Politikforshung, http://www.cap-lmu.de/index.php

[895] Подетално в. Деаноска – Трендафилова, А., „Казненоправни аспекти на генетските манипулации" (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2010.

[896] Mullin, E., „2017 Was the Year of the Gene Therapy Breakthrough", MIT Technology Review, 2018.

[897] „Genetics and Human Nature", University of Oxford, подетално на http://weblearn.ox.ac.uk/site/conted/biosci/ethicsbiosci/eb_content/ GeneticsAndHumanNature/PositiveAndNegative.html

[898] Servick, K., „First US Team to Gene-Edit human embryos revealed", достапно на: http://www.sciencemag.org/news/2017/07/first-us-team-gene-edit-human-embryos-revealed

[899] Види Деаноска – Трендафилова, А., „Казненоправни аспекти на генетските манипулации" (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2010.

[900] Silver, L. M., „Reprogenetics: third millennium speculation (The consequences for humanity when reproductive biology and genetics are combined), EMBO Reps, doi: 10.1093/embo-reports/kvd096

[901] Ibid.

## 5. За новите евгенички движења – евгеника, заснована врз наука

Во светот денес повторно стануваат актуелни движењата и стојалиштата според кои генетиката треба да се искористи во евгенички цели, па се развива еден нов концепт на т.н. евгеника, заснована врз наука. За жал, иако на прв поглед се чини дека овој концепт би одел единствено во насока на искористување на научните достигнувања во сферата на биомедицината за човечка добробит, се покажува дека со нив воскреснуваат и идеи кои, иако не се горозоморни како искуствата од Втората цветска војна, сепак, се дискриминаторски и сериозно ограничувачки во поглед на низа основни човекови права.

Привзрзаниците на модерното гледање и оправдување на евгениката каде што нема да се интервенира кон лицата со несакани карактеристики преку лишување од живот и сл., туку преку современи методи на контрацепција и други методи, за поткрепа на своите гледишта имаат често научни и егзактни аргументи, но за жал, целосно го запоставуваат полето на правата на човекот.

Такво ново движење е и т.н. хуманитарна евгеника. Како еклатантен пример може да ни послужат, на пример, стојалиштата на повеќе автори на трудови, објавени на познатиот веб сајт www.eugenics.net. Уште на воведната страница е истакнато дека овој сајт, насловен на воведната страница како „Идните генерации" се однесува на хуманитарната евгеника и, дека, авторите кои објавуваат свои истражувања и гледишта на овој сајт се залагаат за доброволни мерки за подобрување на квалитетот на човечкиот род, за кои предупредуваат од почетокот дека како предлози се „политички некоректни", но дека се искрени и дека таквата искреност е единственото решение на долг рок за човештовото да не дегенерира, затоа што нивните аргументи, како што нагласуваат, се научно потврдени.

Така, на пример, Marian Van Court, во својот труд *The case for Eugenics in a Nutshell*[902] се фокусира на човековата интелигенција, изнесувајќи повеќе тврдења, за кои смета дека се научно потврдени, поточно дека:

- човечката интелигенција е широко наследлива карактеритика (ова го потврдува повикувајќи се на низа студии и истражувања[903] според кои децата имаат коефициент на интелигенција – IQ многу сличен со оној на нивните родители, што се потврдило дури и кај посвоените деца кои имале коефициент на интелигенција близок до тој на своите биолошки родители, а не на посвоителите; натаму, смета дека според споменатите студии и истражувања е потврдено дека идентичните близнаци кои растеле одвоени имаат ист коефициент на интелигенција, како и одвоените (двојајчани) близнаци. Ваквите факти Marian Van Court ги спротивставува на тврдењата дека интелигенцијата во голема мера зависи од општествената средина и од непосредното опкружување;
- Van Court тврди дека цивилизацијата целосно зависи од вродената интелигенција (правејќи паралела со животните кои живеат во своевидни заедници, групи и слично, но ни одблиску не се како човечкиот род, кој првенствено благодарение на својата интелигенција го постигнал сиот напредок; нагласува дека ова е очигледно, зашто просечниот коефициент на интелигенција во различни држави ја отсликува и нивната развиеност, па така, во Јапонија, на пример, просечниот IQ е 104, а во САД 100, потоа понизок е во Мексико, а најнизок во африканските држави што соодветствува и со скалата на нивната развиеност, наспроти ресурсите што ги имаат овие држави. Нагласува дека државјаните со јапонско потекло дури и во САД имаат повисок коефицинет на интелигенција од другите граѓани);
- смета дека повисокото ниво на општеството има подобра популација (ова Van Court го смета за аксиом, наведувајќи дека поразвиените држави нудат подобар живот за своите граѓани во секоја смисла на зборот, дека таму е поголема сигурноста, заработката, системот воопшто, а има помалку болести, криминал и слично; а посочува и на студија според која најважен индивидуален фактор за богатството на една нација и бруто домашниот производ е коефициентот на интелигенција[904];
- со текот на времето, според Van Court, човештвото еволуира во насока според која секоја нова генерација е помалку интелигентна (имено, повеќе студии потврдиле негативна корелација помеѓу плодноста и интелигенцијата, односно помалку интелигентните луѓе, генерално, имаат повеќе деца; ваквото тврдење на

[902] Van Court, M., „The Case of Eugenics in a Nutshell", http://www.eugenics.net/papers/ caseforeugenics.html

[903] За потврда на ова тврдење ги наведуваат делата на Bouchard, „Twins as a Tool of Behavioral Genetics", New York, 1993; Loehlin, J., Willerman, L., and Horn, J., „Heredity, environment and personality change: evidence from the Texas Adoption Project", 1987 и Snyderman, M., and Rothman, S., „The IQ controversy", the Media and Public Policy, New Brunswick, 1998.

[904] Според Lynn, R. and Vanhanen, T. „IQ and the Wealth of Nations", Westport, 2002.

Van Court има потврда во многу истражувања, спроведени и со современи статистички методи[905], па нагласува дека доколку не се запре или сврти овој тренд, нашата цивилизација неповратно ќе опаѓа; [906] и харвардскиот психолог *Richard J. Herrnstein* и политологот *Charles Murray* сметаат дека сите општествени проблеми, девијантни појави и воопшто појави што на скалата на системот на вредности се пониско, стануваат поголеми и позастапени дури и само со намалувањето на коефициентот на интелигенција за три поени.[907] Така, на пример, според одредени истражувања, со намалување на IQ од 100 на 97, се зголемуваат следните појави во општеството: за 15% расте бројот на жени - зависници од социјална помош, за 8% расте вонбрачноста, за 13% расте бројот на затвореници - мажи и за 15% расте бројот на деца кои го напуштаат средното образование.

Имајќи го предвид наведеното, а земајќи предвид уште една студија,[908] Van Court смета дека евгениката има и потенцијална моќ за добро. Имено, повикувајќи се на истражување за наследливоста на душевните пречки, според кое 2% од испитаниците со определен ментален хендикеп, создале потомство од 36% лица со таков хендикеп во следната генерација, Van Court препорачува употреба на евгеничка мерка- перманентна контрола на раѓањето кај овие лица, со што ќе се намали приближно за една третина бројот на лица со ментален хендикеп, односно пречки во развојот, во секоја генерација, а смета дека ќе се намали и стапката на злоупотреба на децата, со оглед на тоа што лицата со вакви пречки во голем процент се покажале како родители кои не се во можност да го вршат родителското право на правилен начин и често ги злоупотребуваат сопствените деца. Оттука, препорачува да се прифатат гледиштата на т.н. евгеника, заснована на наука (eugenics based on science), со што ќе се подобри квалитетот на живот во светот и нивото на цивилизираност на идните генерации.

[905] Како потврда на своите тврдења ги наведува следниве дела: Lynn R; Van Court M., "New evidence of dysgenic fertility for intelligence in the United States", 2004, Lynn R. "New evidence for dysgenic fertility for intelligence in the United States", 1999; Vining, D.,"On the possibility of the re-emergence of a dysgenic trend with respect to intelligence in American fertility differentials: an update", 1995.

[906] Van Court смета дека ова е логичен заклучок на претходните тврдења; тоа го потврдува и контроверзната книга на харвардскиот психолог Richard J. Herrnstein и на политологот Charles Murray, „The Bell Curve", 1994.

[907] Своите тврдења ги заснова врз делото на: Herrnstein, R. and Murray, C., The Bell Curve, New York Free Press, 1994.

[908] Reed, E.W., and Reed, S.C., Mental Retardation: A Family Study, Philadelphia, 1965.



## 6. Наместо заклучок: евгениката и казненоправните забрани

Имајќи го предвид претходно наведеното, се чини дека потрагата по јасно детерминирана граница помеѓу дозволената и забранетата зона кога се работи за евгениката, станува сѐ потешка и зависи од развојот на биомедицината. Но, она што е нужност во казнените законици, барем таму каде што тоа не е предвидено, е да се воведе облик на квалифицирано дело кога тоа е извршено од евгенички побуди. Делата од евгенички побуди во одредени конкретни случаи би можеле да се конфундираат или да се испреплетат со други квалификаторни елементи, со делата што претставуваат дискриминација, делата од омраза и слично. Сепак, најважно е што поскоро да се предвидат вакви казненоправни решенија, со цел евентуални конкретни случаи од овој тип да бидат соодветно санкционирани. Основните дела што би можеле да бидат извршени и од евгенички побуди најчесто се убиствата, телесните повреди, дела на противправно прекинување на бременоста, дела на присилна стерилизација и други дела на ограничувања или одземање на репродуктивни права.

Евгенички заснованите терапевтски техники и методи што имаат за цел избегнување на тешки генетски засновани болести и синдроми што се поврзани со тешки болести, болки, страдања за самото лице кое ги има, извесна леталност и сл., манифестација од раното детство итн. би требало да бидат дозволени, но тоа мора прецизно да се регулира, со цел да не бидат во пракса преземани и дејствија што во суштина се биоетички неоправдани.

Македонското казнено законодавство не познава, на пример, евгеничко убиство како квалифициран облик на основното умислено убиство, ниту друга инкриминација каде ваквата побуда е конститутивен елемент на делото. Единствено би можело да се размисли дали делото би можело да се подведе под квалификацијата убиство од ниски побуди од чл. 123, ст.2 т. 4 од Кривичниот законик, имајќи предвид дека тоа е најблиското позитивноправно решение во моментот, при што поимот ниски побуди ги опфаќа мотивите што се на најниската скала на социјално – етичко вреднување и се далеку од поимот човечко достоинство.[909]

Во духот на современите контроверзни евгенички движења, кои во поглед на лицата со ментална попреченост, на пример, предлагаат мерки за трајно ограничување на нивното право на репродукција, би можеле да се појават и дејствија во насока на присилна стерилизација, која е опфатена со ст. 4 и 5 од одредбата од чл. 129 од Кривичниот законик,

[909] Камбовски, В., Тупанчески, Н., Казнено право – посебен дел, Скопје 2011, стр. 47.

но таа се однесува исклучиво на лица од женски пол, па е повторно проблематично прашањето како би се постапувало доколку лице од машки пол е жртва на ваков акт.

Натаму, во чл. 21 од Законот за заштита на правата на пациентите се нагласува дека „зафат, насочен кон промена на човековиот геном може да се преземе исклучиво во превентивни, дијагностички и терапевтски цели, под услов целта на промената да не е воведување или промена во геномот на наследниците на пациентот", додека „тестовите што укажуваат на генетски болести или служат за идентификација на пациентот, како носител на ген одговорен за болест или за откривање на генетската диспозиција или подложност на болест, можат да се вршат само со цел за постигање на здравствени цели или заради научно истражување, врзано за здравствени цели и со соодветно генетско советување."

Во таа насока, во чл. 32 од истиот Закон се забранува преземање на зафати на човековиот геном за други, освен за превентивни, дијагностички и терапевтски цели и без соодветно генетско советување, како и дискриминација на пациентот. Сепак, оваа забрана во пракса не пружа никаква формална (а најмалку казненоправна) заштита, од причина што за ваквото дејствие не е предвиден ниту прекршок, ниту казнено дело со пропишана санкција, што е сериозна правна празнина во нашето законодавство, па би требало соодветно легислативно да се интервенира и во таа насока.

Сосема на крај, треба да се нагласи, дека од сè што досега ја обележа човечката историја, повеќе од јасно е дека човекот никогаш не се помирил со својата смртност, па неговата желба, особено на научниците, идните генерации да се подобра верзија на човекот од минатото, посилни, поздрави и подолговечни е присутна отсекогаш и таа несомнено ќе постои и во иднина, при што не смее да се занемарат фактите дека зголемувањето на животниот век на човекот, на пример, е резултат на биомедицинскиот и техничко – технолошкиот развој. Но, тоа е меч со две острици, па од друга страна истиот тој напредок доведе до процес што е обратен на ваквата цел; имено, индустриското производство, зголемувањето на бројот на возила и сл., доведоа до загадување на водата, почвата, енормни загадувања на воздухот, зголемување на озонските дупки и консеквентно на радијацијата и зачестена појава на канцерогени и други заболувања. Оттука, и во поглед на постапувањата со евгеничка позадина треба внимателно да се исцрта границата до каде може да се интервенира терапевтски и без повреда на индивидуалните човековите права, а од каде сè што се презема во таа насока би било дискриминаторско постапување кое води во целосно отуѓување на човекот од она што претставува природа и природен процес во животот.



## Литература


1. Battaglini, G., „Eugenics and The Criminal Law", Journal of Criminal Law and Criminology, 1914.
2. Cheema, A.A., Virk, A., „Reinventing Lombroso in the Era of Genetic Revolution: Whether Criminal Justice System Actually Imparts Justice or is Based on "Convenience of Assumption", International Journal of Criminology and Sociological Theory, August 2012.
3. Council of Europe, European Treaty Series - No. 203, 2008.
4. Деаноска – Трендафилова, А., „Казненоправни аспекти на генетските манипулации" (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2010.
5. Ефремов Г.Д. (уредник) „Истражувачки центар за генетско инженерство и биотехнологија (дваесетгодишен јубилеј) ", МАНУ, Скопје, 2007.
6. Herrnstein, R. and Murray, C., The Bell Curve, New York Free Press, 1994.
7. Камбовски, В., Тупанчески, Н., „Казнено право – посебен дел", Скопје, 2011.
8. Kjono, J., „Genetic screening", достапно на http://www.ndsu.edu/pubweb/~mcclean/plsc431/ students/kjono.html.
9. Lynn, Richard and Vanhanen, Tatu „IQ and the Wealth of Nations", Westport, 2002.
10. Marian Van Court, „The Case of Eugenics in a Nutshell", http://www.eugenics.net/papers/ caseforeugenics.html
11. Mostert,M.P., „Useless Eaters: Disability as Genocidal Marker in Nazi Germany", достапно на https://www.catholicculture.org/culture/library/view.cfm?recnum=7019
12. Mullin, E., „2017 Was the Year of the Gene Therapy Breakthrough", MIT Technology Review, 2018.
13. Radišić J., „Medicinsko pravo", drugo prerađeno i dopunjeno izdanje, Nomos, Beograd, 2008.
14. Reed, E.W., and Reed, S.C., Mental Retardation: A Family Study, Philadelphia, 1965.
15. Reiser, R., „Lest we forget: Eradicating the 'Useless Eaters' in the Third Reich", достапно на http://www.worldofinclusion.com/res/qca/Lest_We_Forget.pdf
16. Sammons, A., „Physiological Theory of Offending", Criminological psychology, достапно на http://www.psychlotron.org.uk/newresources/criminological/ a2_aqb_crim_physiologicaltheories.pdf
17. Servick, K., „First US Team to Gene-Edit human embryos revealed", достапно на: http://www.sciencemag.org/news/2017/07/first-us-team-gene-edit-human-embryos-revealed
18. Silver, L. M., „Reprogenetics: third millennium speculation (The consequences for humanity when reproductive biology and genetics are combined), EMBO Reps, doi: 10.1093/embo-reports/kvd096
19. Трајковски, В., „Хумана генетика", Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Скопје, 2005.

Aleksandra Deanoska, PhD.

## THE EUGENICS BASED ON SCIENCE - NEW CHALLENGE IN THE DEVELOPMENT OF THE CONTEMPORARY PENAL LAW

Summary

In this paper, the author elaborates the issue of eugenics, its complex meaning and the new movements that in the past decades resurrected the historical concepts and attempts for creation of a superior human race. In the beginning, the abuses and horrific experiments and programs were introduced, through which millions of people were killed because of being physically or mentally disabled, old and sick, and counted as a burden on society before and during the Second World War. Basically, the eugenics consists of actions in order to favour the good, and to avoid the inheritance of the so-called »bad genes«. The author concludes that a range of medical and other procedures may have a eugenic character. Hence, she examines the issues of prenatal screening, gene therapy, abortion in the case of detected anomalies of the foetus, repro-genetics etc. Particular concerns raise the emergence of new eugenic movements and the so-called eugenics based on science, that offer discriminatory solutions for permanent deprivation of the reproductive rights of persons with disabilities. Stressing the correlation of the eugenics with the criminal law and the need for such protection, the author elaborates the positive legal solutions and the need to amend the existing criminal law framework.



*Д-р Лазар Нанев**

# СИСТЕМ НА ПРОЦЕДУРИ ЗА КРИВИЧНО-ПРАВНА И ГРАЃАНСКО- СУДСКА ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ ОД НАСИЛСТВО, ЗЛОСТАВУВАЊЕ И ЗАНЕМАРУВАЊЕ

## (SYSTEM OF PROCEDURES FOR CRIMINAL AND CIVIL PROTECTION OF THE CHILDREN WHO ARE VICTIMS OF VIOLENCE, ABUSE, AND NEGLIGENCE)

## Апстракт

Кривично-правната заштита на децата жртви во казнениот систем на Република Македонија е поставен врз начелата на„правда за децата", кои ги вклучуваат правата на децата да можат да учествуваат во судските постапки на начин соодветен за возраста, а во согласност со најдобриот интерес. Една од целите на системот„правда за децата" е заштитата од насилство на децата жртви и санкционирање на сторителите.

Република Македонија ја има ратификувано Конвенцијата за правото на детето и со тоа презеде обврска да се грижи за нејзино остварување, односно да ги штити правата на децата и да ја унапредува нивната состојба. Меѓутоа, тоа не е обврска само на државата, тоа е обврска и на поединците, кои низ секојдневните постапки можат да покажат дека ги признаваат и ги почитуваат правата што децата ги имаат. Сите облици на насилство, злоставување, злоупотреба или занемарување, со кои се загрозува или нарушува физичкиот, психичкиот или интегритетот на детето, претставуваат повреда на едно од основните човекови права, кое Конвенцијата го има подигнато на ниво на принцип, односно начело, а тоа е правото на живот, опстанок и развој. Неоспорно е дека учеството на деца жртви од насилство или од кривични дела во постапките на правосудството е од суштинска важност за ефикасно процесуирање на обвиненијата за кривичните дела, вклучувајќи ги и случаите на сексуална експлоатација на децата, трговијата со деца и другите облици на транснационален организиран криминал каде што децата се често единствени сведоци. Факт е дека на децата-жртви на насилство или на кривични дела им се потребни посебна заштита, асистенција и поддршка која одговара

* Вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" Штип и судија во Основниот суд во Кавадарци, email: lazar.nanev@ugd.edu.mk